Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, Уп1 бр.02-305 од 05.09.2023 г., согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-3506/3 од 25.09.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 22.09.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, и тоа:

- за истапување на физичкото лице [redacted] (поранешен од [redacted]), со ЕМБГ [redacted] и последно живеалиште на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted] и

- за пристапување на физичкото лице [redacted] (син на [redacted] - поранешен од [redacted]), со ЕМБГ [redacted] и адреса на бул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-305 од 05.09.2023 г., ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-305 од 05.09.2023 г., од страна на ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Имено, поради смрт на сопственикот на ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, побарана е согласност за пристапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на бул. „[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted]. Согласно Решението Он.Нов.бр.5057/16, УДР.бр.83/16 правосилно на 19.10.2016 г. (Уп1 бр.02-305 од 12.09.2023 г.) и Решението Он.Нов бр.5057/16, УДР.бр.83/16 за исправка на истото од 13.10.2021 г. правосилно на 13.10.2021 г., по спроведената оставинска постапка, лицето [redacted], син на оставителот, е огласен за законски наследник на право на удел на правното лице - ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје со ЕМБС 5235715 со седиште на ул.„Симче Настевски“ бр.9 Б Скопје, Бутел, со основна главнина од паричен влог во МКД 314.000,00, непаричен влог нема, уплатен дел МКД 314.000,00 и вкупна основна главнина од МКД 314.000,00, видно од тековна состојба со број 0805-520/150020160283425 од 19.10.2016 г. од Централен регистар на Република Македонија.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје би се создала недозволена медиумска концентрација, односно

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, број 0820-50/150020230233510 од 12.09.2023 г., од која е видно дека лицето [redacted] се јавува како:

- управител на ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје (ова правно лице не се јавува како сопственик на трговски друштва) и

- во Здружение на џез музичари и слободни уметници ЗЏМ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (ова правно лице не се јавува како сопственик на трговски друштва). Во документот од Централниот регистар нема податок за улогата на Ален Хаџи – Стефанов во ова здружение.

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“, број 2007-50/150020230233596 од 12.09.2023 г., од којшто беше потврдено дека лицето Ален Хаџи - Стефанов се јавува само како овластено лице на радиодифузерот - ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје ќе биде физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на бул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted].

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-305 од 05.09.2023 г., Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-305**
**25.09.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.